Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 01/0306
09.01 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26-ти декември 2022 година, врз основа на примена жалба од Зекирија Хаџиу за текст на Телевизија 24, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 12-ти декември 2022 година, Зекирија Хаџиу поднесе жалба за текстот со наслов „Расте тензијата на северот на Косово и Метохија“, објавен на 11-ти декември 2022 година на веб-страницата на Телевизија 24 (www.24.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи елементи на говор на омраза. Жалителот дополнува дека содржината требало да биде повнимателно обработена при именувањето на државите. Жалителот посочува дека Косово, кое во содржината е наведено како Косово и Метохија е независна, суверена и демократска држава и дека треба да се нарекува Република Косово или само Косово.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, инициираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со Телевизија 24 и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од ТВ 24 одговорија дека се работи за ненамерна грешка при јавно именување на држава и дека пропустот бил направен поради тоа што во текстот не бил посочен цитат искажан од официјално лице во Србија. Од таму потенцираат дека веста веднаш била повлечена од веб-страницата на медиумот.

*„ТВ 24 останува на курсот за професионално информирање, секогаш на страната на вистината, без никаква тенденција за погрешно информирање, за што говорат и заложбите на телевизијата секогаш да информира вистинито во заштита на вредностите и професионалното новинарство“,* велат од ТВ 24 во одговорт на жалбата.

Во комуникацијата со Советот за етика, подносителот на жалбата, Зекирија Хаџиу нагласи оти верува дека се работи за ненамерна грешка и дека е согласен постапката да биде затворена по пат на помирување во рамките на покренатиот процес на медијација од страна на Советот за етика.

Советот за етика го затвори случајот и воедно констатираше дека Телевизија 24 ја отстранила спорната содржина од својата веб – страница.[1]

[1] https://24.mk/details/raste-tenzijata-na-severot-na-kosovo-i-metokhija

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во овој контекст, Советот ги повикува медиумите да внимаваат како гиословуваат државите и да се придржуваат до официјалната позиција на Република Северна Македонија во однос на надворешно-политичките прашања.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација, треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги препознаат, признаат и коригираат пропустите во содржината.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири,Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595